**ЗАПИСНИК**
**од 14-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 21.05.2021 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата од лични причини не беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**На седницата директорот го заменуваше раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот – Шеф на кабинет м-р Драгица Љубевска, согласно овластување бр.03-1449/1 од 01.04.2021 година.**

**Присутни од Стручната служба**: м-р Драгица Љубевска, м-р Аѓенд Џелили, м-р Александар Џуваревиќ, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 14-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 10:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски во врска со предложениот дневен ред објасни дека во Точката 3 е направена техничка грешка. Имено напишано е дека станува збор за „Ревидирана нацрт-измена на Планот за намена и распределба на капацитети на дигитален терестријален мултиплекс на оператор на јавна електронска комуникациска мрежа кој има обврска за емитување на програмските сервиси на радиодифузерите, бр.01-1268/1 од 17.02.2015 г.“, но доколку се обрне внимание ќе се забележи дека во материјалите станува збор за Предлог-план е не за нацрт. Од таа причина наведе дека точниот наслов треба да гласи “Предлог – План за измена на Планот за намена и распределба на капацитети на дигитален терестријален мултиплекс на оператор на јавна електронска комуникациска мрежа кој има обврска за емитување на програмските сервиси на радиодифузерите, бр.01-1268/1 од 17.02.2015 г.“

Советот на Агенцијата, едногласно го усвои следниот коригиран:

## **ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 3-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 18.05.2021 година.

2. Усвојување на Предлог-записник од 13-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 18.05.2021 година.
3. Предлог-план за измена на Планот за намена и распределба на капацитети на дигитален терестријален мултиплекс на оператор на јавна електронска комуникациска мрежа кој има обврска за емитување на програмските сервиси на радиодифузерите, бр.01-1268/1 од 17.02.2015г.
4. Предлог за изрекување мерка – јавна опомена на АНТИЌ МЕДИА од Скопје за прекршување на член 14 од Законот за медиуми.
5. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - стока: Студија за можностите за воведување дигитално радио.
6. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - стока: Анализа на можностите и потребите за воведување DVB-T2.
7. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка - услуга: Изработка на нова веб страница – mediumskapismenost.mk.
8. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - услуга: Одржување на дополнителниот модул на постојно апликативно решение „Систем за електронски регистар на јавни комуникациски мрежи“.
9. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 3-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 18.05.2021 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 13-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 18.05.2021 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот – Шеф на кабинет м-р Драгица Љубевска го образложи Предлог-планот за измена на Планот за намена и распределба на капацитети на дигитален терестријален мултиплекс на оператор на јавна електронска комуникациска мрежа кој има обврска за емитување на програмските сервиси на радиодифузерите, бр.01-1268/1 од 17.02.2015г. Објасни дека овој план во нацрт верзија Советот го усвои на 10-та седница која што беше одржана на 12 април оваа година. По усвојувањето на нацрт измената согласно законските обврски Агенцијата на нејзината веб страница го објави нацртот за да се обезбеди јавна расправа и на тој начин да се овозможи сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови во рок од 30 дена од објавувањето.

Јавната расправа заврши на 13 мај. Согласно ЗААВМУ Агенцијата има обврска да се обрати до Агенцијата за електронски комуникации, Македонска радиодифузија и до Министерството за информатичко општество и јавна администрација со цел тие да дадат свои забелешки по нацрт измената на планот. Пред два дена забелешки пристигнаа само од АЕК и тие се внесени во предлог-планот кој е доставен до Советот. Забелешки имаше и од Стручната служба бидејќи во нацрт измената стоеше дека називот на јавното претпријатие Македонска радиодифузија е национална радиодифузија онака како што е наведено и на нивната веб страница. Меѓутоа Законот се уште не е изменет за Македонска радиодифузија, постои само листа на институции кои што го менуваат називот донесен од Владата. Од таа причина се додека не се направат соодветни измени во Законот, називот на институцијата е Македонска радиодифузија поради што се предлагаат тие промени да се направат во Предлог-планот. Имајќи го предвид ова и внесените забелешки се предлага Советот да го усвои доставениот Предлог-план и потоа бидејќи не е конечно усвоен текст, се доставува до Владата на Република Северна Македонија затоа што согласно Законот Планот се усвојува по претходно добиена согласност од Владата.

Г-дин Петрушевски објасни дека Советот го усвојува документот како Предлог-план, се уште не го носат, потоа се доставува до Владата да го проверат да не настанала евентуално некој грешка и потоа го враќаат назад со согласност за да Советот на крај го донесе.

Г-дин Фиданоски процедурално праша дали по автоматизам Планот стапува на сила од кога ќе се добие позитивно мислење од Владата или повторно Советот треба на седница да го усвои?

Г-дин Петрушевски рече колку што разбира сега се усвојува како Предлог-план а потоа откога од Владата ќе се добие согласност, на седница треба Советот да го донесе.

Раководителката Љубевска потврди дека по добиена согласност од Владата на Република Северна Македонија овој План треба повторно да се стави на седница и Советот да го донесе како конечна верзија.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои Предлог-планот за измена на Планот за намена и распределба на капацитети на дигитален терестријален мултиплекс на оператор на јавна електронска комуникациска мрежа кој има обврска за емитување на програмските сервиси на радиодифузерите бр.01-1268/1 од 17.02.2015 година.

Секторот за информатичка поддршка и општи работи до Владата на Република Северна Македонија да го достави горенаведениот предлог план со цел АВМУ да добие согласност да го донесе Планот за измена на Планот за намена и распределба на капацитети на дигитален терестријален мултиплекс, на што упатува член 69 став 5 од ЗААВМУ.

**Точка 4**

Раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот – Шеф на кабинет м-р Драгица Љубевска го образложи Предлогот за изрекување мерка – јавна опомена на АНТИЌ МЕДИА од Скопје за прекршување на член 14 од Законот за медиуми. Објасни дека на 12 април оваа година направен е

надзор врз АНТИЌ МЕДИА од Скопје кој е издавач на печатениот медиум „Портрет“ со цел да се проверат обврските од член 14 став 1 од Законот за медиуми. Со надзорот е констатирано дека издавачот не ги објавил податоците за назив на печатницата, адреса на печатницата, датум на печатење или препечатување и бројот на печатени примероци. Оттука се предлага да му се изрече мерка јавна опомена.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.03-1622/1 од 12.04.2021 година и едногласно заклучи на Друштвото за услуги АНТИЌ МЕДИА ДООЕЛ Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 14 од Законот за медиуми, затоа што во изданието бр.51 на „Портрет“ не ги објавило податоците за назив на печатницата, адреса на печатницата, датум на печатење или препечатување и бројот на печатени примероци.

Во согласност со Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му се наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со членот 14 став 1 од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот субјект.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точки 5 и 6**

Г-дин Петрушевски во врска со Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-стока: Студија за можностите за воведување дигитално радио и Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - стока: Анализа на можностите и потребите за воведување DVB-T2, рече дека малку е зачуден зошто овие две јавни набавки бидејќи се работи за Студија и Анализа се третираат како стока бидејќи вообичаено интелектуалните работи се третираат како услуга. Го повика раководителот на одделението за јавни набавки м-р Александар Џуваревиќ да објасни како е по Закон.

Раководителката Љубевска објасни дека вообичаено јавните набавки се предвидени во Годишниот план за јавни набавки и во Финансискиот план на Агенцијата, но напомена дека во двете Барања за отпочнување на постапка за јавна набавка станува збор за предметот услуга а не за стока.

Г-дин Петрушевски рече дека ако е така тогаш е направена грешка во Дневниот ред

Раководителот Џуверавиќ објасни дека во Годишниот план за јавни набавки за 2021 година јавната набавка Студија за можностите за воведување дигитално радио е стока и набавка од мала вредност со проценета вредност од 380 илјади денари. Станува збор за стока бидејќи економскиот оператор на крај треба да испорача производ и од

таа причина се третира како стока. Посочи дека колегите кога внесувале придонес од Секторот за информатичка поддршка јавната набавка ја определиле како стока и затоа така е внесено во Годишниот план за јавни набавки.

Г-дин Петрушевски рече дека според образложението произлегува дека нема грешка.

Г-дин Трајчев рече дека и според него се работи за услуга, но предложи да се одложи точката за следната седница за да се провери точно за што станува збор. Доколку има грешка можно е да има потреба да се менува и Годишниот план за јавни набавки. Посочи дека не треба да се погреши и треба да има точна дефиниција што е стока а што услуга. Од таа причина рече дека подобро е да се провери отколку да се погреши.

Г-дин Петрушевски рече дека и тој е во дилема и побара двајцата раководители да се изјаснат дали овие две точки може да се одложат односно дали имаат кратки рокови за нивно спроведување.

Раководителката Љубевска одговори дека можат да трпат одлагање и се согласи со г-дин Трајчев дека подобро е да се провери и да се одложат точките за наредна седница.

Г-дин Петрушевски рече дека и тој се согласува и доколку не е итно може да се одложат точките 5 и 6 за наредната недела, односно или за следната седница или за продолжението на 14-та седница. Доколку дилемите се оправдани ќе треба веројатно корекции да се направат и во Годишниот план за јавни набавки за 2021 година.

Г-дин Фиданоски рече дека се согласува со предлогот да се одложат точките и може да одат на продолжение на 14-та седница со тоа што има дилема доколку има потреба од измена на Годишниот план дали може на продолжението да се вметне како посебна точка измена на планот.

Г-дин Петрушевски рече ако се оди на измена на планот од продолжението ќе се повлечат точките 5 и 6 а потоа ќе се измени планот и ќе има нови точки.

Г-дин Фидановски рече дека не е спорно, дилемата му е процедурална дали на продолжение на седница, на веќе изгласан Дневен ред може да се вметне нова точка?

Г-дин Петрушевски рече доколку има потреба од менување на планот, точките 5 и 6 ќе се завршат како неуспешни токи на продолжението, ќе се повлечат и нема да се реализираат. Потоа на следна седница ќе има измена на планот, а потоа ќе има одобрување за јавните набавки, што значи би требало да има две седници.

Г-дин Фиданоски сугерираше седниците да се закажат една по друга заради експедитивност, доколку се разбира има потреба.

Г-дин Петрушевски рече дека како претседавач на седницата има право да ги одложи двете точки и доколку нема против Советот ги одлага за продолжение на 14-та седница.

**Точка 7**

Раководителката Љубевска ја образложи јавната набавка за предметот–услуга: Изработка на нова веб страница – mediumskapismenost.mk. Објасни дека Агенцијата има таква веб страница меѓутоа проблемот е што таа е со лимитирана зафатнина и нема опции за нејзина надградба. Од овие причини потребна е нова веб страница бидејќи АВМУ има многу активности и како Агенција и во рамките како Мрежа на медиумска писменост каде што поприлично се објавуваат многу информации, видеа, извадоци од денови на медиумска писменост. Во таа насока рече дека потребна е нова веб страница со поголем капацитет. Јавната набавка е предвидена и во Годишниот план за јавни набавки и во Финансискиот план за оваа година.

Г-дин Петрушевски рече дека лично од него службата ја има целата негова поддршка затоа што се работи за активности кои произлегуваат од изминатите години и Агенцијата е значаен носител на оваа точка. Медиумската писменост е значајна не само кај нас туку и во многу други држави а сега и во нашата држава се повеќе се свесни дека оваа активност е многу битна.

Г-дин Ајдини рече дека ќе се надоврзе за оваа точка бидејќи Агенцијата има законска обврска за промовирање на медиумската писменост. Исто така Советот и Агенцијата имаат усвоено и програма за поттикнување на медиумска писменост. Имајќи ја предвид и стратешката важност на медиумската писменост смета дека е добро АВМУ да има своја професионална веб страница и да биде репрезентативна на ниво заради тоа што има многу активности како и што потенцирала раководителката Љубевска. Се изјасни дека ќе ја поддржи точката.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка–услуга: Изработка на нова веб страница – mediumskapismenost.mk.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот–услуга: Изработка на нова веб страница – mediumskapismenost.mk е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2021 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4773/1 од 30.12.2020 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021-та година.

**Точка 8**

Раководителката Љубевска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - услуга: Одржување на дополнителниот модул на постојно апликативно решение „Систем за електронски регистар на јавни комуникациски мрежи“. Објасни дека години наназад Агенцијата користи ваков дополнителен модул кој во себе содржи повеќе компоненти како што се водење евиденција на операторите, програмските сервиси, програмските пакети кој што ги реемитуваат согласно потврдите кои ги издава Агенцијата, извештаите од програмски надзор и поднесените прекршочни и кривични пријави. Изворниот код за овој дополнителен модул го има „ГДи“ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје поради што нема да се отвора вообичаена јавна набавка поточно таа ќе се спроведе без објавување на јавен оглас и ќе биде со преговарање.

Г-дин Петрушевски рече дека би било добро да има и други вакви јавни набавки од по 59 илјади денари за една година одржување. Но бидејќи е евтино купена набавката не може да биде повеќе од 20%.

Г-дин Трајчев рече дека во неговата дискусијата повторно ќе се наврати на старата тема за сите вакви состојби каде што се ангажираат правни лица и се плаќа за одржување а тие се сопственици на изворниот код. Се уште нема добиено од АВМУ анализа за сите софтвери дали треба да се набави сопствен софтвер, Агенцијата да биде сопственик на тој изворен код или треба да се оди со одржување затоа што независно од вредноста секој еден денар е значаен бидејќи се работи за јавни пари. Но поради тоа што се уште ја нема добиено таквата анализа и мислење официјално од Агенцијата, тој ќе биде воздржан за оваа јавна набавка.

Г-дин Петрушевски рече дека навистина службата треба конечно да му одговори на барањето на г-дин Трајчев затоа што ова прашање го поставува и повеќе од една година.

Советот на Агенцијата со 5 гласа „за“ и еден воздржан глас од г-дин Трајчев даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка–услуга: Одржување на дополнителниот модул на постојно апликативно решение „Систем за електронски регистар на јавни комуникациски мрежи“.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот–услуга: Одржување на дополнителниот модул на постојно апликативно решение „Систем за електронски регистар на јавни комуникациски мрежи“ е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2021 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4773/1 од 30.12.2020 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021-та година.

**Точка 9**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр. 02-1988/6**
**28.05.2021 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**